**ЗАПИСНИК**
**од 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 22.08.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, м-р Методија Јанчески, Зоран Фиданоски, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Луција Ѓурковиќ, Цветанка Митревска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Виолца Алити Алсат ТВ, Ивана Батев МИА.

Г-дин Петрушевски ја отвори 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 гласа „за" го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог-записник од 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.08.2018 година.
2. Предлог-решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола.
3. Предлог-решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија ИРИС ДОО Штип.
4. Предлог-одлука за доделување финансиска помош – донација за справување со последиците од пожарите во пошироката околина на градот Атина – Република Грција и Предлог-договор за донација.
5. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка-услуга: Одржување и сервисирање на службените возила на Агенцијата.
6. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка-стока: Горива за потребите на Агенцијата.
7. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка-услуга: Биро за преведување.

8. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка-услуга: Печатарски услуги.
9. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа предложениот записник од 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.08.2018 година.

Г-дин Фиданоски имаше забелешки во дел од неговата дискусија. На страна 4 од записникот, во реченицата „Во контекст на ова и на начелото на навремено, избалансирано...“ предложи мала корекција односно да гласи „Во контекст на ова е и начелото на навремено, избалансирано..“, потоа на страна 8 во реченицата „..а тие заинтересирани субјекти се конечно две страни и тие да имаат време во делот на јавната пропаганда.“ да се додаде зборот „еднакво“ и да гласи „..а тие заинтересирани субјекти се конечно две страни и тие да имаат еднакво време во делот на јавната пропаганда.“, и на страна 12 корекција на зборот „суприематија“ во „супремација“.

Г-дин Петрушевски рече дека забелешките за него се прифатливи и се од технички карактер.

Советот со предложените корекции од г-дин Фиданоски, со 6 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Трајчев го усвои предложениот записник од 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.08.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски, во врска двете предложени точки, Предлог-решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола и Предлог-решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија ИРИС ДОО Штип, образложи дека и кај двата радиодифузери се отстранети условите за кои е започнатата постапката. Имено ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола ги исполнил минималните кадровски услови од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување додека ТРД Телевизија ИРИС ДОО Штип извршила целосна уплата на средствата.

Г-дин Петрушевски објасни дека директорот дал образложение за Точка 2 и Точка 3 од Дневниот ред, но рече дека отвора дискусија за секоја точка поединечно. Радиодифузерот од Битола го решил проблемот со недостаток на вработени новинари и како што е наведено во материјалите нема пречка за понатамошна работа.

Г-дин Фиданоски рече дека се согласува со г-дин Трајчевски дека се отстранети пречките. Но рече дека јавно ќе искаже жалење во однос на договорите со лицата што се ангажирани за да радиодифузерот ги исполни минималните кадровски услови. Според него месечниот износ што им е понуден на ангажираните новинари е навистина за жалење и не одговара на ниту еден стандард во Република Македонија како месечен приход.

Г-дин Петрушевски рече дека јавното искажано жалење од г-дин Фиданоски го поттикнало да се размисли во некои наредни правилници да се внимава и на оваа работа, односно месечниот износ да биде усогласен со Законот за минимална плата во државата. Но во секој случај позитивен е исходот што радиото ги решило проблемите и со задоволство ќе предложи да се запре постапката.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-414 од 21.08.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, и едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапката за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола, бр.08-88 од 05.01.2015 година, поради тоа што радиодифузерот ги исполнил минималните кадровски услови од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, со измена и дополнување бр.01-3336/1 од 08.05.2015 година, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-3757/1 од 17.08.2018 година, со текст како што беше предложено.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Г-дин Петрушевски рече службата да го информира радиодифузерот за донесеното решение.

**Точка 3**

Г-дин Петрушевски во однос на Предлог-решението за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија ИРИС ДОО Штип, рече дека директорот информирал дека средствата се уплатени. Минатата седница дискутирале по оваа точка и како што тој и г-дин Фетаи претпоставиле радиодифузерот го платил годишниот надоместок за дозволата, но стандардно неколку години station наназад во последниот дополнителен законски рок.

Г-дин Фетаи рече дека е позитивен резултатот од оваа точка, телевизијата конечно го подмирила целокупниот предвиден износ за надоместок на дозволата. Но самата позиција која доведе до покренување на постапката за одземање на дозволата ги стави во групата на тие медиуми кои не плаќаат навремено. Агенцијата има анализи и евиденција во насока како се извршува уплаќањето на средствата за дозволата. ТВ Ирис е сериозна телевизија која има голем стаж во медиумскиот амбиент во Република Македонија но ова покажува дека се во финансиска криза и целокупната економска состојба влијае и кај нив и во таа насока регулаторот тешко дека може да им помогне. Тие се под влијание на пазарните правила, се финансираат од рекламите. На крајот рече дека сепак е добро што опстојуваат на медиумскиот простор и тоа значи дека и понатаму ќе има телевизија за гледачите во тој регион.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-415 од 21.08.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, и едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија ИРИС ДОО Штип бр.08-902 од 08.07.2015 година, поради извршена уплата во износ од 324.034,00 (тристадваесетичетирииљадиитриесетичетири) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Г-дин Петрушевски рече службата да го информира радиодифузерот за донесеното решение и истовремено изрази надеж дека следната година ќе има подобри финансиски услови и дека нема да доцни со плаќањето.

**Точка 4**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлог-одлуката за доделување финансиска помош – донација за справување со последиците од пожарите во пошироката околина на градот Атина – Република Грција и Предлог-договор за донација објасни дека ова е работа за која Советот даде одобрување пред околу еден месец и сега процедурата продолжува согласно правилата и онака како што го дале зборот.

Г-дин Трајчевски појасни дека потребно е да се потпише договор со Црвениот крст на Република Македонија а ќе се применува по добиено позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на Република Македонија, за да може да се изврши трансфер на средствата. Во принцип ова претставува техничка реализација на она што беше донесено како одлука.

Г-дин Фетаи рече дека не бил присутен на седницата кога е одлучено и кога е дојдено до оваа позиција бидејќи користел годишен одмор. Но рече дека идејата, иницијативата ја поздравува и можноста дека Агенцијата ќе помогне и ќе донира средства за настраданите лица во пожарите во соседната држава, во Република Грција. Рече дека ќе даде поддршка на идејата посебно што Агенцијата и Советот покажуваат дека можат да помогнат и надвор од државата. Рече дека сака да упати на една состојба дека АААВМУ. До сега со сите други колеги од регулаторните тела во регионот, почнувајќи со Бугарија каде што имаат многу добри односи, со Српскиот, Босанскиот, Косовскиот, Албанскиот регулатор, но со грчкиот регулатор за медиуми освен што неколку пати се сретнале на состаноци како ЕПРА и на други слични настани, официјална заедничка средба не оствариле. Би бил добар гест од страна на Агенцијата и Советот да упатат една порака до колегите од грчкиот регулатор и целокупното раководство на нивната држава и до нивниот Црвен крст дека од страна на Република Македонија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја разбрале нивната состојба и им излегле во пресрет. Уште еднаш рече дека предлогот ќе го поддржи иако не навлегол во детали но верува дека е запазена законската форма за начинот на финалната реализација на тоа што е предвидено.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.05-3784/1 од 20.08.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за доделување финансиска помош – донација за справување со последиците од пожарите во пошироката околина на градот Атина – Република Грција, во износ од 1.000.000,00 (еден милион) денари, кои ќе се спроведат преку Црвениот крст на Република Македонија, посебен Фонд за солидарност.

Советот на Агенцијата даде одобрение директорот на Агенцијата да склучи Договор за донација помеѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

Црвениот крст на Република Македонија, за предметната финансиска помош – донација за справување со последиците од пожарите во пошироката околина на градот Атина – Република Грција, кој ќе стапи во сила веднаш по потпишувањето на двете договорни страни, а ќе се применува по добиено позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на Република Македонија.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги а ќе се применува по добиено позитивно мислење од Министерството за правда на Република Македонија.

**Точка 5**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка-услуга: Одржување и сервисирање на службените возила на Агенцијата. Објасни дека иницијативата за започнување на јавната набавка произлезе од Секторот за информатичка поддршка, одделение за општи работи. Посочи дека сите информации се дадени во прилог на материјалот, како што е техничката спецификација и предлог-одлуката за започнување на постапката.

Г-дин Петрушевски рече дека од она што го прочитал во материјалот забележал дека набавката ќе се одвива во три календарски години.

Раководителката Митревска одговори дека договорот што ќе произлезе ќе се склучи за временски период од 2 години, што би значело зафаќање на три календарски години.

Г-дин Петрушевски рече дека службата во таа насока одлично постапила.

Г-дин Фиданоски побара појаснување. Гледајќи го износот за оваа година и планираниот за следните две, праша дали износот што е ставен за 2019 и 2020 е ставен рамковно, претпоставувајќи на инфлаторни движења, зголемување на цените на услугите од субјектите со кои што би се склучил договор по добиени понуди? Дали затоа износот е малку повисок?

Раководителката Митревска одговори дека средствата се предвидени како целина, но начелно се поделени. Сето она што нема да се потроши во 2018 година ќе се префрли за следната година и ќе се предвиди во Финансискиот план за таа година.

Г-дин Петрушевски рече дека под претпоставка да утре започне набавката најрано што може да заврши е 1 до 2 месеци и од оваа година би останале отприлика 4 месеци. Преостанува многу мал временски период од 2018 година. Доколку се случи да има жалби, може да се случи и уште подоцна да се склучи набавката така што предвидените пари може да не се потрошат оваа година туку да се префрлат за наредните години.

Г-дин Фетаи рече бидејќи се работи за набавка поврзана со возила а познато е дека скоро сите имаат автомобили, може да продискутираат во таа насока. Имено рече дека има малку постаро возило кое што го одржува со помош на три автомеханичари. Праша заради поголема конкурентност на набавката, дали може да ги извести тројцата автомеханичари за да конкурираат и праша кои се условите за да

аплицираат? Објасни дека од нивната работа за одржување на возилото е многу задоволен, посебно со стручноста на едниот од нив.

Раководителката Митревска одговори дека во материјалот на увид е доставена техничката спецификација каде што се дефинирани условите кои треба да ги исполнуваат економските оператори: да е технички опремен и оспособен за извршување на оваа услуга, да поседува сервисен центар лоциран на територија на градот Скопје, да има ангажирано технички персонал за да може да ја извршува оваа набавка, да достави листа на главни услуги за понудувачи во последните 3 години со изјава дека услугите се извршени.

Г-дин Фетаи рече колку и да сакаме теоретски да комплицираме дека се бара некаков сервис кој ќе ги одржува возилата, се работи за обични возила на Агенцијата наброени четири од марката СЕАТ ИБИЦА. Не навлегол во анализа на техничката спецификација и рече да не биде конкурсот направен со перформанси и само да не недостасува името на сервисот кој ги исполнува условите, во смисла дека се наведени високи критериуми кои ќе ги исполнуваат 2 или 3 големи сервиси.

Раководителката Митревска одговори дека наведени се општи услови без да се наведува каква се техничка опрема треба да поседува и други посебни детали. Објасни дека доколку автомеханичарската фирма е регистрирана во електронскиот систем за јавни набавки, автоматски од системот ќе добијат известување дека оваа јавна набавка од Агенцијата е објавена и може да конкурираат.

Г-дин Трајчев рече дека многу често повторува на седница дека Советот дава одобрување да се започне постапката додека не и за техничката спецификација која е надлежност на Агенцијата. Тоа не значи дека Советот ја усвојува техничката спецификација, бидејќи постои можност во текот на постапката да се измени, да се адаптира. До сега од тоа што Советот има сознанија, секогаш постапките биле транспарентни и секогаш имало можност да се направи конкуренција кај сите понудувачи. Верува дека и оваа јавна набавка ќе овозможи повеќе заинтересирани страни да се пријават и да достават нивни понуди а Агенцијата ќе ја избере најповолната.

Г-дин Петрушевски рече дека Агенцијата е транспарентна во своето работење затоа и техничката спецификација секогаш се доставува јавно на увид во материјалите.

Г-дин Фетаи праша во која насока се менуваат критериумите и стандардите, бидејќи г-дин Трајчев рекол дека Советот само дава одобрување за започнување на постапката и по донесувањето на одлуката на Советот можно е да има промени?

Г-дин Петрушевски рече дека тоа може да биде само теоретска претпоставка.

Г-дин Трајчевски рече дека досега пракса на Агенцијата е да членовите на Советот ги добијат техничките спецификации за сите јавните набавки. До сега, во последните 5-6 години имало една или две промени во техничката спецификација и во тие случаи Советот секогаш бил известен. На пример минатата година за јавната набавка за изработка на Анализа на новите медиуми од страна на Совет на Европа, Советот даде одобрување за започнување на набавката но потоа техничката спецификација до сите членови беше испратена по електронска пошта. Не се случило досега такво нешто, но кога имало исклучок Советот секогаш бил информиран за потребата од измена.

Г-дин Фетаи рече, колку што разбрал од дискусијата Советот дава одобрување за почеток на набавката но не и за техничката спецификација која може во меѓувреме да претрпи измени. Праша дали сега техничката спецификација која е доставена на увид во материјалите, по тие критериуми ќе се одвива постапката?

Г-дин Трајчевски одговори дека не се менуваат критериумите но доколку евентуално се случи измена или дополнување, техничката спецификација со новите измени ќе биде доставена до Советот. Сега останува јавната набавка да се започне со спецификацијата што е доставена до Советот и истата да биде таа константна.

Г-дин Петрушевски рече дека таа е доставена во материјалите во поглед на транспарентност, така Советот и Агенцијата работеле секогаш и така и во иднина ќе продолжат.

Г-дин Фетаи рече дека не сака да има дилеми и кога одлучува сака до крај колку што е можно повеќе да ги има сите информации, бидејќи крева рака и директно или индиректно тие како Совет се одговорни за донесената одлука.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.05-3736/3 од 20.08.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка -услуга: Одржување и сервисирање на службените возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот–услуга: Одржување и сервисирање на службените возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за период од 2 (две) години, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2018 година (Пречистен текст), бр.05-3270/1 од 13.07.2018 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година.

**Точка 6**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка-стока: Горива за потребите на Агенцијата.

Г-дин Фетаи праша од каде досега се вршела набавка на гориво за потребите на Агенцијата и каква е предноста на набавувачот што учествувал до сега?

Раководителката Митревска одговори дека сегашниот договор е склучен со Макпетрол, а претходниот со Пуцко Петрол.

Г-дин Трајчевски одговори дека последните две години договорот е склучен со Макпетрол а претходно со Пуцко Петрол. До сега за оваа јавна набавка само овие две компании добивале на јавните набавки. Предност никаква немаат, а кој ќе добие тоа зависи од нивниот интерес и од наддавањето при електронската аукција.

Г-дин Фетаи праша дали за оваа јавна набавка се оди со понудена најниска цена?

Г-дин Петрушевски одговори потврдно и рече дека тоа ќе се одлучи преку електронска аукција, кој има лиценца, секој кој што има право да продава гориво во Република Македонија може да се јави на јавната набавка со наддавање во цена.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.05-3737/3 од 20.08.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - стока: Горива за потребите на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот – стока: Горива за потребите на Агенцијата, што опфаќа: моторни бензини и дизел гориво за службените возила на Агенцијата и дизел гориво за агрегат лоциран во седиштето на Агенцијата, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2018 година (Пречистен текст), бр.05-3270/1 од 13.07.2018 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година.

**Точка 7**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка-услуга: Биро за преведување.

Г-дин Фетаи рече дека е добро што дополнително се ангажира биро за преведување и притоа ќе се трошат дополнителни средства за реализација за оваа јавна набавка. Но кога се објавуваат конкурсите за вработување, како услов е познавање на англиски јазик. Праша дали со капацитетите на Агенцијата ништо не се преведува или само одредени документи кои се неопходни?

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот м-р Драгица Љубевска одговори дека Стручната служба вообичаено многу малку средства користи за преведување, односно ретко ги користи услугите на бирото за преведување, освен кога навистина е неопходно. Точно е рече дека поголемиот дел од вработените знаат англиски јазик, но кога станува збор за официјален превод, треба навистина многу солидно познавање на англискиот јазик. Најчесто за оваа потреба се ангажира колешката Снежана Нечовска која е и преведувач по професија. Но понекогаш поради кратките рокови и обемноста на материјалот таа не може да постигне и во тие случаи материјалот се праќа до биро за преведување. Информираше дека оваа година, до сега Агенцијата има потрошено околу 70-80 илјади денари што за услуга за превод воопшто не претставува голем износ.

Г-дин Фетаи рече дека колку што разбрал од дискусијата само нешто што ги надминува капациетите на службата се бара услуга од бирото, додека другите документи кои се потребни за превод од англиски на македонски или на албански јазик се преведуваат од страна на вработените?

Раководителката Љубевска одговори дека најголемиот дел од документите се преведуваат со капацитетите на Агенцијата, но онаму каде не може да се стигне поради кратките рокови и обемноста на материјалот тогаш поради неопходност Агенцијата се обраќа до бирото за преведување.

Г-дин Петрушевски рече дека оваа јавна набавка не е од типот дека мора да се потрошат сите предвидени средства, туку колку страници превод ќе се побара, не се обврзани, може теоретски и 1000 денари да се потрошат.

Г-дин Фетаи рече дека има толку стручни луѓе во Агенцијата, тие се како тинк-тенк екипа на ниво на државата и многу му е драго дека се успева многу работи да се завршат. Би го нагласил овој момент бидејќи се работи за преведување и моментот на одржување на веб страницата на Агенцијата на албански јазик каде што доста многу материјали се успева да се преведат на албански јазик. Но има материјали кои не се преведени на албански јазик. Агенцијата вработи и посебен преведувач за албански јазик. Честопати студентите од новинарство кои спремаат семинарска или дипломска работа ги упатува на веб страницата на Агенцијата во поглед на Анализа на пазарот или гледаноста на програмите. Но рече дека има документи до кои не можат да стигнат бидејќи не се преведени на албански јазик. Во оваа насока рече дека треба уште повеќе да се употребат капацитетите на Агенцијата и да има што повеќе преводи и на англиски и на албански јазик.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.05-3773/3 од 20.08.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - услуга: од биро за преведување.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот –услуга: од биро за преведување, за период од 2 (две) години, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2018 година (Пречистен текст), бр.05-3270/1 од 13.07.2018 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година.

**Точка 8**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка-услуга: Печатарски услуги. Објасни дека средствата кои се предвидени, Агенцијата не е обврзана да ги потроши во целост, туку извршувањето ќе биде сукцесивно како ќе се појави потреба за печатење на материјали така и ќе се реализира набавката.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.05-3761/3 од 20.08.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - услуга: Печатарски услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот –услуга: Печатарски услуги, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2018 година (Пречистен текст), бр.05-3270/1 од 13.07.2018 година, а средствата во износ од 400.000,00 денари (без ДДВ) се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година.

**Точка 9**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-3772/9**
**24.08 2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**